XII

# ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

# ПРОХОР ПЧИНСКИ '85

18 - VII – 2 - VIII - 1985

НАРОДЕН МУЗЕЈ — КУМАНОВО И
РАБОТНИЧКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„МОША ПИЈАДЕ“ — ВРАЊЕ

**организираат**

**ДВАНАЕСЕТТА ИЗЛОЖБА
НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА
ПРОХОР ПЧИНСКИ '85**

НАРОДНА БИБЛИОТЕКА
„Б. СТАНКОВИК — ВРАЊЕ“.

6—20 IX 1985

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА — КУМАНОВО

10—25. X 1985

## УЧЕСНИЦИ ВО ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА „ПРОХОР ПЧИНСКИ“ '85


М. Аврамовски


Ѓ. Бошковиќ


Ј. Вешовиќ


Г. Јакимовски


З. Јакимовски


З. Миловановиќ


Г. Обрадовиќ


Т. Павловски


Б. Петровиќ


Љ. Радовиќ


Е. Романовиќ


З. Стефанов


Т. Тошевски


Ј. Флис


Н. Франговски

D. Reiss

И овојпат Меѓуопштинската ликовна колонија „Прохор Пчински" традиционално се одржа во истоимениот манастир. Тука е одржано Првото заседание на АСНОМ (1944), кога се удрени темелите за остварување на вековните соништа на херојскиот македонски народ. Работата во Колонијата тематско-содржински е определена со НОБ и Револуцијата, и е единствена во Југославија од ваков вид. И ликовната уметност во овој случај се јавува како непрекината врска со нашето, не така далечно, минато. Таа во многу ни помага во остварувањето на нашето поврзување со она што сега е веќе дел од нашата историја од една страна, со она што значи забрзан развој на нашето самоуправно социјалистичко преобразување

Се наметнува мислењето дека и денес и во ваква тематска определеност постојат можности за остварување од поголема вредност и значај во ликовната уметност. Во последните години од постоење на Колонијата сведоци сме на интересни новини во смисла на истражувања во областа на сликарските техники и внесување на несликарски материјали на платното. Потребно е да се нагласи настојувањето од извлекување на битното во содржината (сржта), со крајно пречистени форми, претворени во естетски знак, здружени со убедливо и крајно упростување на ликовните средства. Вистинскиот избор на таквиот знак-симбол во состојба е визуелно да зборува за сето она што значеше капитулација и отпор, непрекинати маршеви и исцрпувачки гладувања, непроспиени ноќи и ладни утра, стрелана мајка и ранет другар, херојско јуришање и болно повлекување, за сето она што значеше слобода или смрт. Дотолку повеќе што современите текови на ликовната уметност се движат во такви релации, па поедини автори мошне успешно се вклопуваат во таквите настојувања.

Во делата настанати во XII ликовна колонија „Прохор Пчински" се чувствува стремеж кон запазување на „формалните белези карактеристични за добрата сликарска традиција". Станува збор за „проверени квалитети" во смисла на материјал и сликарски техники, и крајно претпазливо превземање на „модерните правци". Времето кога се консумираа поуките на реалистичкото сликарство веќе е минато, но не и заборавено. Ваквиот пристап обработувајќи го настанот, фигурата или предметот со достатно податоци, дополнет или изменет со импресионистички, експресионистички и други манири во третирањето на формата или користење на колоритот, го среќаваме во делата на Г. Обрадовиќ („Ковачка работилница на слободна територија на Козјак" и „Штаб на III МУБ"), Б. Петровиќ („Колона"), Ј. Вешовиќ („Борци"), Љ. Радовиќ (Скинато везиво). Преку фигуралниот склоп на облици и бои, и нивен вешт распоред, Г. Јакимовски оствари смела но складна целина во сликата „Веселба". Длабочината и интензитетот на бојата што се менува во зависност од светлоста, прави визуелна вибрација од која, „игра" целата слика. Ликовниот израз карактеристичен за византиската уметност, во оскудна и скржава моделација, Е. Романовиќ го приспособи во остварување на иреалната и возвишена композиција „Револуција". Мисловното и просторно спојување на елементите видени во работниот амбиент, резултираше со настанување на делото „Ослободување" (Е. Романовиќ), во која пролеаната топла слободарска крв е вткаена во црвенилото на македонската ткаеница, од која се издига манастирската црква како симбол на духовноста во религијата и уметноста

Еволутивниот пат на оваа тематско-содржинска определеност (НОБ и Револуцијата), доведе до тоа како и голем дел од југословенските уметници така, и М. Аврамовски да се вклопи во рамките карактеристични за надреализмот („Траги од sверства", „Последно размислување — Joseph Brauner"), со нагласен интерес за откривање на нови духовни и загадочни подрачја на потсвеста во човековата психа. Особеностите својствени за новата фигурација ги среќаваме во делата на Т. Тошевски, кој на своевиден и највпечатлив начин, сугестивно возбудувачки ги долови ужасите на теророт. Сето тоа е изведено во еден здив со нагласена гестуалност и брз скицуозен цртеж на кој му е дадена лесна маса преку користење на интензивни бои (црвена, жолта, сина).

Кон ваквите настојувања се приклучи и обидот „апстрактниот речник“ да се приближи т.е. приспособи кон ваквата прецизна тематска определеност. Тоа се карактеристични одлики на Ј. Флис во делата, „Ное го спасува светот“, и „Јунаци“. Нагласеното чувство за апстрактното претставување преку симболот презентиран со линија и боја, прави дводимензионални облици што предизвикуваат сложени асоцијации („Едни и други“, „Принц на бел коњ“, „Лаѓа на животот“). Во ова разгледување може да го вклучиме и делото на З. Јакимовски („Н. Г. — Дуња“), кое револуционерно динамично и топло, преку збиени густи маси, ја прикажува отсечената глава на Невена Георгиева. Предадена на ваков начин таа е сенак „неидентификувана“ без нагласени податоци па има „универзално“ значење. Преку свесно градени континуирани извиено-прави, испрекинати и лентасти линии, точки, кои се апстрактно организирани, прави органско хармонизирана целина. Потребно е во истиве разгледувања да се напомене и делото „АСНОМ 85“ од Ѓ. Бошковиќ изведено со извонредна композициона поставеност, но не и ликовна изразајност, со извесна недореченост и недоработеност, а сѐ поради недоследно и бегло спроведување на основната идејна концепција на сликата. З. Миловановиќ преку идилично мирна, носталгично тажна и урамнотежено „избалансирана“ атмосфера во „Жолто поле“, „Зелена слика“, прави можеби малку недооснажена и акцентирана „мртва тишина“ со алегориско-персонификациско значење.

Неизоставното придржување кон било какви тематско-содржински компоненти често пати предизвикува „напнатост“, така да уметниковото „празнење“ придонесе за настанување на извесни лирско-поетски и флуидо-треперливи остварувања во пејсажите со акварелска разиграност и распеаност на Љ. Радовиќ („Пејзаж I“, „Пејзаж II“). Со поинаков третман во начинот на обработката, широки, снажни потези, иако повторно во пленер, Г. Обрадовиќ гради цврста конструкција на мирниот и строго издржан, експресивно назначен момент во делото „Конак“. Лесен пејзаж и цврста архитектонска конструкција на Манастирскиот комплекс го карактеризираат делото „Манастир Прохор Пчински“ од Б. Петровиќ. Во разгледувањето на пејзажните остварувања за одбележување се и акварелот од Д. Рајс и маслото на картон од Г. Јакимовски со ист наслов како и претходното дело.

Насочувајќи го својот интерес кон особеностите карактеристични за лирската аспирација во која се преплетуваат елементи својствени за апстрактниот пејзажизам, преку нагласени гестуално-остри или благо извиени трсковидни линии, Ј. Вешовиќ оствари интересна раздвижено-ритмична композиција „Дел“. Преку одмерени колористички акценти во долните партии наспроти воедначено тенската обработка на сликата долови милозлива игра на светлоста која се пробива „низ трските“ на имагинарниот мотив од некаков мочварен предел.

„Мнежество I“ и „Множество II“ од Г. Јакимовски со дела кои претставуваат продолжение на авторовиот интерес за мотивската преокупираност од лубеницата, на која тој во последниве неколку години скоро исклучително се навраќа. Незадоволен од едноставно „сува“ обрабботка, преку манирите карактеристични за хиперреализмот им дава идеализирано надреален призвук со извесни концептуални моменти. Наспроти ова, обидот за бегство од цивилизацијата онаква каква што е и што ја имаме, З. Стефанов ја бара во светот на детската фантазија, маштовитата и ритуално-дефинирана игра со една лесна лелејаво-етерична атмосфера во сликата „Без наслов“.

Потребно е да се резимира дека е доста широк изборот на теми и содржини во делата настанати во XII-та ликовна колонија „Прохор Пчински“, но мора да се нагласи дека уметниците раководени и живо заинтересирани за спроведување на основната физиономија на Колонијата, остварија дела со тематско-содржински компоненти вржани за НОБ и Револуцијата, што се од трајно вреден карактер. Истите, иако на моменти доста претпазливо, се вклопуваат во особеностите карактеристични за најновите струења и тенденции во развојот на ликовната уметност кај нас, што се нераскинлива и компактно хомогена врска со нашето современо живеење.

Гоце ЈАКИМОВСКИ

# КАТАЛОГ

## АВРАМОВСКИ МОМЧИЛО

Роден 1935 во Куманово. Завршил ПА во Скопје. Член на ДЛУК од 1958 и ДЛУМ од 1968 година. Самостојно излагал во Куманово 1962, 1968 и 1970 година а групно во Т. Велес, Штип Битола Сомбор, Охрид, Белград, Лесковац и Крушевац. Од 1958 редовно излага на сите изложби што ги приредува ДЛУК а од 1968 на изложбите на ДЛУМ. Добитник е на наградата за сликарство на изложбата на ДЛУК (1969), Ноемвриска награда за педагошка работа (1973), а 1976 одликуван е со Орден на труд со сребрен венец.

Адреса:
„Народна Револуција 30/3
Куманово

— ПОСЛЕДНО РАЗМИСЛУВАЊЕ — JOSEPH BRAUNER
— ТРАГИ ОД SВЕРСТВА





## БОШКОВИЌ ЃОРЃЕ

Роден 1949 година во Ниш. Факултет за применета уметност завршил во Белград (1976). Постдипломски студии на Факултетот за ликовна уметност во Белград завршил во класата на Марко Крсмановиќ (1978). Работи како дизајнер во ЕИ Ниш. Излагал на повеќе групни изложби во земјата и странство. Самостојно излагал во Белград, (1978, 1980) и Ниш (1981) година.
Има добиено награда од фондот на Бета и Ристо Вукановиќ, (1975), откупна награда на југословенскиот конкурс комплексот „Веселин Маслеша“ во Бања Лука (1982), награда за графика на годишната изложба на УЛУН (1983).

Адреса:
„Бранислав Нушиќ“ бр. 20
18000 Ниш
Тел: 46-840 (018)

— АСНОМ
— МАТЕРКА

## ВЕШОВИЌ ЈАРМИЛА

Родена во Цетиње 1954 година. Академија за ликовна уметност завршила во Белград 1980 година во класата на Проф. Раденко Мишевиќ. Член е на УЛУС од 1980 година. Работи како слободен уметник. Редовно учествува на изложбите што ги организира здружението, како и на групни изложби во странство (Франција). Самостојно излагала во повеќе градови во земјата, а 1985 година во „Site international des' Arts" во Париз.

Адреса:
„II Булевар" 12-в/III
11070 Нови Белград

— ДЕЛ (диптих, детал)
— БОРЦИ
— МАНАСТИР „ПРОХОР ПЧИНСКИ"





## ЈАКИМОВСКИ ГОЦЕ

Роден 1958 година во Куманово. Завршил Филозофски факултет група Историја на уметност со археологија, во Скопје 1984 година.
Групно излагал во Скопје 1975, 1978, 1981 и 1985 година (Сликари аматери од СРМ), и во Куманово со групата „Пет плус" 1983 година.
Самостојно излагал во Врање 1983 година.
Добитник е на I награда за сликарство на изложбата „Сликари аматери од СРМ" (1985).

Адреса:
„Горче Петров" бр. 13
91300 Куманово

— ВЕСЕЛБА
— МНОЖЕСТВО I
— МНОЖЕСТВО II
— МАНАСТИР „ПРОХОР ПЧИНСКИ"

## ЈАКИМОВСКИ ЗОРАН

Роден 1953 година во Куманово. Факултет за ликовна уметност завршил 1978 година во Белград, а на истиот завршил и постдипломски студии 1982 година, на отсекот за графика. Член е на ДЛУК (1974), ДЛУМ (1981) и светски графички Конзилијум-Сан Франциско (1984). Студиски патувал во Франција и Италија. Учесвувал на сите изложби што ги организирал ДЛУК (1974—1985), ДЛУМ (1981—1985), Белградски графички круг (1977—1985) како и на меѓународните изложби во Шпанија (Ферол), Западна Германија (Баден-Баден Хајделберг), Полска (Лоѓ), Источна Германија и СФРЈ (Љубљана). Самостојно излагал во Куманово (1978, 1985), Белград (1978, 1982) Скопје (1982), Вараждин (1985).
Добитник е на повеќе награди за цртеж, графика и слика.

Адреса:
„Трст“ бр. 4
91300 Куманово
тел: (0901) 25-815

— Н. Г. — ДУЊА





## МИЛОВАНОВИЌ ЗОРИЦА

Родена 1946 година во Бјеловар. Факултет за ликовна уметност завршила 1975/76 година во Белград кај Проф. Младенко Србиновиќ, а магистрирала 1980/81 година. Член е на УЛУС од 1985 година. Учествувала на изложбата „Први магистри на цртеж“ 1981/82 година, „Цртеж ликовен израз“ 1984/85 година.
Самостојно се појавува на магистарската изложба на цртежи и слики 1980/81 година.

Адреса:
„Прота Матеја“ бр. 20
11000 Белград
тел: (011) 435-577

— ЗЕЛЕНА СЛИКА
— ЖОЛТО ПОЛЕ
— ПЕЈЗАЖ

## ОБРАДОВИЌ ГМИТАР

Роден е 1945 година во с. Шљивово, Крушевац. Академија за применета уметност завршил во Белград 1958 година, кај Проф. Шербан и Проф. Васиќ. Групно излагал со УЛУПУС во Варшава, Лесковац, Белград, Куманово, Врање а редовно учиствува и на изложбите на УЛИПУЛ. Самостојно излагал во Лесковац, Белград, Нови Сад, Ниш. Студиски патувал во Грција и СССР. Има добиено 9 награди за применета уметност од сојузен карактер, и три награди на Октомврискиот салон на Лесковац.


Адреса:
„Маршал Тито" бр. 178
Лесковац
тел: (016) 42-053


— КОВАЧКА РАБОТИЛНИЦА НА СЛОБОДНА ТЕРИТОРИЈА НА КОЗЈАК
— ШТАБ НА III МУБ
— КОНАК



## ПАВЛОВСКИ ТАКИ

Роден 1939 година во с. Желин, Костурско. Академија за применета уметност завршил во Белград 1964 година. Студиски патувал во Будимпешта, Москва, Киев, Ленинград и Париз. Од 1967 редовно учествува на сите изложби на ДЛУМ. Учествува на изложбата на современата македонска уметност во Романија (1972), 16 современи македонски сликари во Рим (1973), и на многу други тематски изложби. Самостојно излагал во Скопје 1969 и 1972 година. Добитник е на наградата на „Нова Македонија".


Адреса:
„Партизански Одред"
бр. 111/I, стан 10
тел: (091) 255-189


— ВРЕМЕ 1985

## ПЕТРОВИЌ БЛАГОЈА

Роден во 1942 година во Врање. Завршил ПА во Скопје, 1969/1970. Во родниот град излага неколку пати со УЛУВ, а самостојно во Власотинце 1970 и Врање 1973 и 1975.

Адреса:
„Стојадин Анѓеловиќ — Дича"
бр. 6 17500 Врање
тел: 26-204

— МАНАСТИР „ПРОХОР ПЧИНСКИ"
— КОЛОНА





## РАДОВИЌ ЉУБИЦА

Родена 1950 година во Белград. Академија за ликовна уметност завршила во Белград 1975 година во класата на Милан Кечиќ. Специјализирала графика на Академијата во Атина, кај Проф. Граматопулос. Член е на УЛУС од 1974 година и постојано учествува на изложбите на Здружението (Цртеж, ситна пластика, на Пролетната и Есенската изложба). Групно излагала и на биеналето на младите во Добој, а самостојно во Крагуевац, Титово Ужице, Белград, Нови Сад, Брчко, Кралево и Франкфурт.

Адреса:
„Ѓура Ѓаковиќ" бр. 4
11000 Белград

— СКИНАТО ВЕЗИВО
— ПЕЈЗАЖ I
— ПЕЈЗАЖ II
— МАЈКА И ДЕТЕ (акварел)

## РОМАНОВИЌ ЕДВИНА

Родена 1954 година во Титово Ужице. Факултет за ликовна уметност завршила на сликарскиот отсек кај Проф. Раденко Мишевиќ, 1979 година во Белград. Член е на УЛУС од 1980 година. Учествувала на десет групни изложби во повеќе градови во СФРЈ. Самостојно излагала 1984 година во Титоград (Слики и цртежи) и 1985 година во Кралево (Цртеж).

Адреса:
„III Булевар" бр. 62
11070 Нови Белград

— ОСЛОБОДУВАЊЕ
— РЕВОЛУЦИЈА





## СТЕФАНОВ ЗЛАТКО

Роден 1935 година во Скопје. Завршил ПА во Скопје 1965 година. Член е на ДЛУМ од 1966 година. Студиски престојувал во Грција, Италија, Шпанија и Франција.
Учествувал на сите изложби на ДЛУМ од 1966 година како и на некои други изложби (во Белград, Врањска Бања, Струмица, Скопје).

Адреса:
„Дамска" бр. 26-а
91000 Скопје

— БЕЗ НАСЛОВ



**ТОШЕВСКИ ТРАЈКО**

Роден во Куманово 1950 година. Академија за ликовна уметност завршил во Љубљана 1976 година во класата на Ступица. Учесник е на повеќе изложби на ДЛУК и ДЛУМ. Работи како слободен уметник во Куманово.


Адреса:
„Иво Л. Рибар“ бр. 27
91300 Куманово
тел: (0901) 28-348


— БЕЗ НАСЛОВ I
— БЕЗ НАСЛОВ II
— РАНЕНИК



**ФЛИС ЈЕЛКА**

Родена во Целје 1959 година. Академија за ликовна уметност завршила во Љубљана во класта на Проф. Мешко Киар. Сликарство специјализирала во Љубљана кај Проф. Андреј Јемец. Се занимава со графика, костимографија и сценографија. Работи како слободен уметник. Учествувала на 15 групни изложби во земјата и во странство, (во Богота, Колумбија). Добитник е на I-та награда за плакатот „Година 1984“.


Адреса:
„Љубљанска“ бр. 31
63 000 Целје
тел: 22-485


— ЈУНАЦИ
— ЕДНИ И ДРУГИ
— ПРИНЦ НА БЕЛ КОЊ
— НОЕ ГО СПАСУВА СВЕТОТ
— ЛАЃА НА ЖИВОТОТ
— РАЈ

**ФРАНГОВСКИ НОВЕ**

Роден 1939 година во с. Галичник. Академија за ликовна уметност завршил во Белград. Студиски патувал во Италија, СССР Франција. Учествувал на повеќе групни изложби, а од 1967 година на сите што ги организирало ДЛУМ. Самостојно излагал во Бар и Скопје 1968 година и Белград 1969.

Адреса:
Бул. Партизански Одреди
бр. 111/II
91000 Скопје
тел: (091) 255-188

— ЛУЃЕ



**РАЈС ДАЈАНА (REISS DIANA)**

Родена 1958 година во Сан Франциско. По потекло е Југословенка (по мајка).
Академија за ликовна уметност завршила во Санта Круз кај проф. Miger Arqüello, Kafherin Metz и Eduardo Carillo 1982 година.
Работи како слободен уметник. Учествувала на неколку групни, а самостојно излагала 1983 година во Санта Круз.

Адреса:
32 Rark Terrace
Mill Valey, California

— МАНАСТИР „ПРОХОР ПЧИНСКИ“ (акварел)
— КОНАК (акварел)

ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА
ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА „ПРОХОР ПЧИНСКИ“

АРСОВСКИ КРУМЕ — претседател
АВРАМОВСКИ МОМЧИЛО
АРСОВСКА ТАТЈАНА
АРСОВСКИ МИОДРАГ
АТАНАСОВСКА КАТА
БОГОЕВИЌ ДРАГОЉУБ
КАРАПАШОВСКА МЕНКА
ПЕШИЌ ВЕЉКО
ПОПОВСКИ ВЛАДО
ФРАНГОВСКИ НОВЕ
ЏАРТОВСКА РАДА
ЏАРТОВСКИ АЛЕКСАНДАР

Главен и одговорен уредник:
Арсовски Миодраг
Предговор: Јакимовски Гоце
Каталог: Јакимовски Гоце
Фотографии: Зафировски Слободан
Шабани Скендер

Печатено во печатница „Просвета“ — Куманово
Тираж: 400